OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

Врз основа на членот 38, став 1, точка 5 од Статутот на Охридска банка АД Скопје, Собранието на Банката на седницата одржана на 17.5.2018 година, донесе:

# О Д Л У К А

## за употреба и распредување на остварената добивка на Охридска Банка АД Скопје со Годишната сметка за 2017 година

### Член 1

Нето-добивката остварена по Годишната сметка на Охридска банка АД Скопје за 2017 година, во износ од 351.018.981 денари, се распоредува за:

| | |
|---|---|
| 1. Задржана нераспределена добивка | 165.907.181 денари |
| 2. Задржана добивка за инвестициски вложувања – реинвестирана добивка | 150.000.000 денари |
| 3. Дивиденда за исплата | 35.111.800 денари |

### Член 2

Делот од нето-добивката, во износ од 165.907.181 денари, што останува како задржана нераспределена добивка, нема да биде на располагање за исплата на дивиденда и нема да биде оптоварен со какви било идни обврски.

### Член 3

Делот од нето-добивката, во износ од 150.000.000 денари, што се распоредува во задржана добивка за инвестициски вложувања – реинвестирана добивка, служи за развојни цели, односно за вложувања во материјални и нематеријални средства за проширување на дејноста и нема да биде на располагање за исплата на дивиденда на акционерите во иднина.

### Член 4

Распределбата на делот од нето-добивката, во износ од 35.111.800 денари, што се распоредува за исплата на дивиденда, износот на дивиденда по акција, дивидендниот календар и известувањата, како и дополнителните појаснувања ќе бидат предмет на посебна предлог-одлука од страна на Надзорниот одбор и Собранието на акционери на Банката, во согласност со предлогот од членот 1 од оваа Одлука.

### Член 5

Средствата наменети за дел од плата и награда на вработените, на менаџментот и на членовите на органите на Банката по основа на работна и деловна успешност, коишто во Годишната сметка за 2017, во согласност со МСС 19, се вкалкулирани како трошок во износ од 43.941.963 денари, се распоредуваат на следниот начин:

- Дел што се исплаќа за награди на членовите на Надзорниот одбор;
- Дел што се исплаќа за награди на членовите на Одборот за ревизија;
- Дел што се исплаќа за плата по основа на работна и деловна успешност на менаџментот и вработените.

Член 6

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да го врши распоредот на средствата од членот 5 на оваа Одлука.

Член 7

Средствата од членот 5, алинеја 1, распоредени за награди на членовите на Надзорниот одбор кои оваа функција ја извршуваат како дополнение на нивната работна ангажираност како вработени во друг организационен дел на групација на Сосиете Женерал С.А., во согласност со Директивата 4230 на Сосиете Женерал се исплаќаат во корист на Сосиете Женерал.

Член 8

Образложението кон оваа Одлука е составен дел на оваа Одлука.

**СО бр. 0201-39075/7-2**
**17.5.2018 г.**
**Скопје**

**Собрание на Охридска банка АД Скопје**
**Претседавач,**

ОХРИДСКА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
кон Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка
на Охридска банка АД со Годишната сметка за 2017 година

Врз основа на членот 86 од Законот за банки, членот 483 од Законот за трговските друштва и членот 38, став 1, точка 5 од Статутот на Банката, Охридска банка АД Скопје на своето годишно собрание одлучува за употреба и распоредување на остварената добивка.

Во согласност со Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот (Сл. весник на РМ бр. 218/16, точка 13.5 и точка 15) предвидено е во основниот капитал на Банката да се вклучи и нераспределената добивка доколку Надзорниот одбор на Банката донел одлука со која се предвидува распоредување на тековната добивка во резервите или задржаната добивка на Банката, со што нема да може да се користи за исплата на дивиденда на акционерите, нема да биде оптоварена со какви било идни обврски и се исполнети другите услови наведени во Одлуката на НБРМ. За овие цели Надзорниот одбор, на седницата одржана на 30.01.2018 година, донесе предлог-одлука за употреба и распоредување на остварената добивка на Охридска банка АД Скопје со Годишната сметка за 2017 година, како што е предложено во членовите 1, 2, 3 и 4 од оваа Одлука.

Во 2017 година Банката оствари нето-добивка во износ од 351.018.981 денари и таа се распределува, и тоа: дел за дивиденда, дел како задржана нераспределена добивка и дел како задржана добивка за инвестициски вложувања – реинвестирана добивка.

Обврската во членот 485 од ЗТД предвидува издвојување 5 % од остварената нето-добивка по годишната сметка за задолжителни општи резерви сè до исполнување на законскиот цензус од една десеттина од основната главнина. Вкупните резерви на Банката на 31.12.2017 г. изнесуваат 122.596.649 денари, со што е исполнет законскиот цензус од една десеттина од основната главнина, која изнесува 116.225.290 денари.

Делот од нето-добивката во износ од 35.111.800 денари се распоредува за исплата на дивиденда, додека износот на дивиденда по акција, дивидендниот календар и известувањата, како и дополнителните појаснувања ќе бидат предмет на посебна предлог-одлука од страна на Надзорниот одбор и Собранието на акционери на Банката, во согласност со предлогот од членот 1 на оваа Одлука.

Делот од нето-добивката, во износ од 165.907.181 денари, останува како задржана нераспределена добивка која не е оптоварена со какви било идни обврски и таа не е на располагање за исплата на дивиденда на акционерите на Банката во иднина.

Делот од нето-добивката, во износ од 150.000.000 денари, што се распоредува во задржана добивка за инвестициски вложувања – реинвестирана добивка, служи за развојни цели, односно за вложувања во материјални и нематеријални средства за проширување на дејноста и нема да биде на располагање за исплата на дивиденда на акционерите. Со издвојувањето на дел од добивката во задржана добивка за инвестициско вложување Банката може да користи даночно ослободување пропишано во членот 28 во Законот за данок на добивка (Сл. бесник бр.112/2014, 129/2015, 23/2016) со изготвувањето на даночниот биланс за деловната 2018 година, односно да го користи правото за намалување на даночната основа за износот на извршените инвестициони вложувања и за утврдување на помал данок од добивка. Со оглед на тоа што износот предвиден за инвестициски вложувања нема да биде на располагање за исплата на

дивиденда, тој ќе биде вклучен и во пресметките на основниот капитал на Банката во согласност со Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот (Сл. весник на РМ бр. 218/16, точка 13.5 и точка 15).

Во согласност со МСС 19, во Годишната сметка за 2017 година е вкалкулиран трошок за исплата како дел од плата и награда по основа на работната и деловната успешност на вработените, менаџментот и членовите на органите на Банката, во висина од 43.941.963 денари. Поединечниот распоред на средствата ќе се изврши со посебна одлука на Надзорниот одбор на Банката.

Имајќи го во вид изнесеното, се предлага предлог-одлуката да биде усвоена во текстот како што е предложена.